**20242243931**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИНТЕРОПЕРАБИЛНОСТ ВО ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СИСТЕМ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за интероперабилност во железничкиот систем,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 29 октомври 2024 година.

Бр. 08-5164/1
29 октомври 2024 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Силјановска-Давкова,** с.р.

Претседател на Собранието
на Република Северна
Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИНТЕРОПЕРАБИЛНОСТ ВО ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СИСТЕМ

Член 1

Во Законот за интероперабилност во железничкиот систем („Службен весник на Република Македонија“ број 17/11, 163/13, 147/15 и 31/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 285/20 и 262/23) во член 4 во точката 22 зборовите: „Министерството за транспорт и врски” се заменуваат со зборовите: „Министерството за транспорт“.

Член 2

Во член 6 во ставот (4) зборовите: „министерот за транспорт и врски“ се заменуваат со зборовите: „министерот за транспорт“.

Член 3

Во член 8 во ставот (2) зборовите: „министерот за транспорт и врски“ се заменуваат со зборовите: „министерот за транспорт“.

Член 4

Во член 9 во ставот (12) зборовите: „министерот за транспорт и врски“ се заменуваат со зборовите: „министерот за транспорт“.

Ставот (14) се менува и гласи:

„Листата за национални стандарди за примена на Европските стандарди, на барање на Министерството за транспорт, ја изработува и ја донесува Институтот за стандардизација на Република Северна Македонија, а Министерството за транспорт ја објавува на својата веб-страница.“.

Член 5

Во член 17 во ставот (6) зборовите: „министерот за транспорт и врски“ се заменуваат со зборовите: „министерот за транспорт“.

Во ставот (9) зборовите: „министерот за транспорт и врски“ се заменуваат со зборовите: „министерот за транспорт“.

Член 6

Во член 19 во ставот (1) зборовите: „Министерството за транспорт и врски“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за транспорт“.

Во ставот (2) зборовите: „Министерството за транспорт и врски“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за транспорт“.

Член 7

Во член 36 зборовите: „Министерството за транспорт и врски“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за транспорт“.

Член 8

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.